Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

**од Сто четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 18 април 2023 година**

**Скопје, април 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 април 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:25 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествувше и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија,м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење,м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестицииi членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По оваа точка немаше предлози

**Точка 2.**

Владата во врска со работната посета на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, на Виена, Австрија, која ќе се одржи на 20 и 21 април 2023 година, а со цел проследување на активностите од страна на претставниците на македонските медиуми поврзани со работната посета, ги донесе следните заклучоци:

1.Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ја информира Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за бројот на претставниците на медиумите кои ќе патуваат во Виена, Австрија.

2.Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги поделат меѓусебно трошоците за превоз и сместување на претставниците на медиумите кои ќе патуваат и ќе присуствуваат на работната посета на Виена, Австрија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 18:30 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**